WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION



# Covid 19 и родот

Брза анализа на превземените и предложените мерки за справување со влијанието на епидемијата

Анализата е временски сензитивна со оглед на брзото менување на состојбата.

Изнесените наоди се од 23/03/2020 и ќе бидат тековно надополнувани

**Главни поенти:**

• Covid-19 предизвика глобална криза на јавно-здравствените системи и има потенцијал да влијае на најголемата досега глобална економска криза. И двете различно влијаат на мажите и жените.

• Досегашните мерки превземени и/или предложени до Владата имаат ефект на платениот и неплатениот труд на жените, детска сиромаштија, статусот на домување на самохраните родители и нивниот економски опстанок

• Владата треба да воведе повеќе критериуми при развојот на мерките и да има посебни финансиски и нефинансиски мерки за поддршка на самохраните родители и самовработените како резултат на кризата.

• Соработката со невладиниот сектор за помош на лицата со посебни потреби, старите, жртвите на насилство и самохраните родители треба да биде итно приоретизирана за ефективен одговор на кризата.

Covid-19 предизвика глобална криза на јавно-здравствените системи и има потенцијал да влијае на најголемата досега глобална економска криза. Владите глобално превземаат мерки кои ќе го намалат ширењето на вирусот за да не се оптоварат и соодветно одговорат јавно здравствените системи. Но, со оглед на фактот што мерките треба подолготрајно да се спроведуваат, а тоа ќе влијае на начинот како се работи, произведува, тргува, но и живее глобално беа дефинирани повеќе мерки (економски, за дизајн во доставувањето на јавните услуги и сл.). И нашата Влада превзеде мерки.

Кризата ги засегна сите граѓани, но неминовно последиците различно ќе се одразат на различни луѓе и професии. Жените се мнозинство од тие што пружаат грижа, вклучувајќи платена грижа како здравствените работници, но и неплатена како грижата за семејството и домаќинството. Ова значи дека ризикот за изложување на КОВИД-19 е поголем за нив. Жените превземаат товар со мерките за затворање на училиштата и градинките, но и за грижа за постарите родители (особено тешко во услови на изолација и ограничено движење.

Ова е придонес на Центарот за истражување и креирање политики во дијалогот на политики кој се води во однос на мерките кои се донесени или предложени да бидат усвоени. Нашите забелешки се од родова перспектива и имаат за цел да го намалат родовиот јаз кој мерките кои се носат од Владата може да го предизвикаво борба со кризата.

## Економски мерки

### Професии што носат поголем товар

Здравствениот и трговскиот сектор (супермаркети, продавници) каде што претежно работат поголем број на жени носат особено поголем товар од останатите. Товарот е уште поголем за оние семејства со деца, бидејќи долгите часови на работа, понекогаш и со денови кај медицинските лица кои дежураат, го исцрпува семејството психолошки и физички и грижата за децата станува потешка. Со оглед на улогата и ризикот кој го преземаат овие семејства за доброто на сите, препорака е Владата да донесе мерки со што ќе им ја олесни дополнително барем грижата за децата на овие семејства, преку проширување на детскиот додаток и за нив или друг вид на паричен надоместок.

### Детска сиромаштија

Дел од предлог мерките кои се уште не се донесени, како на пример минимална плата за сите во јавниот сектор може да придонесе за зголемување на детската сиромаштија. Задоволувањето на потребите на многудетните семејства или семејствата со самохран родител кој работи во јавна администрација со повеќе деца особено можат да бидат загрозени и со тоа да порасне ризикот од детска сиромаштија. Нашиот предлог е дека нивелацијата на платите на минимална плата не може да биде без никакви критериуми и мора да ги земе овие аспекти во предвид.

### Самовработени

Самовработените се особено економски загрозени. Околку петина од истите се жени, за кои се вложуваше долго време ресурси преку програми од Агенцијата за вработување со цел да бидат поттикнати да се вклучат во претприемништво. Нивните најчесто мали бизниси не може да ги издржат економските последици и потребни се посебни мерки со цел заштита на овие ранливи бизниси.

### Домашно насилство

Политиките за социјално изолирање ги прават жените жртви на семејно насилство особено ранливи. Во оваа криза не треба да се заборави дека изолацијата дома со насилник може да биде погубно за многу. Оттука, за поздравување се броевите кои Министерството за труд и социјална политика ги објави за пружање на поддршка на жртвите, како и сигурната куќа која Националната мрежа за борба против насилството ја отворија во соработка со Град Скопје. И останатите општини треба да го следат овој пример и веднаш средствата за невладини организации да ги искористат за во партнерство со нив се овозможи услуги и сместување на жртвите на насилство со цел нивно отстранување од домовите на

насилниците. Наша препорака е Владата и Министерството за внатрешни работи да ја подигнат сензитивноста во овој период кон пријави на семејно и родово базирано насилство и да дејствуваат рапидно на вакви прекшоци со цел одвраќање на насилниците.

## Самохрани родители

Во овие услови потребна е поголема поддршка на самохраните родители, кои најчесто се жени. Не само носењето на психолошкиот товар од целата ситуација, туку овие родители сега имаат и грижа да бидат добри педагози додека се затворени училиштата и истовремено да озбезбедат намирници во вонредните услови при зголемени редици и чекање. Иако со мерката за работа од дома тие се опфатени и економски згрижени, сепак овие семејства може дополнително да се поддржат и со поголем детски додаток, но и со давање на приоритет во супермаркетите и останатите деловни субјекти како што е случајот за постарите лица и бремените жени, бидејќи секоја минута која децата им се оставени сами дома им трае вечност.

## Услуги

## Бремени жени

Иако за среќа се чини дека коронавирусот не предизвикува последици по здравјето на бремените жени и плодот, сепак тие страдаат, особено психолошки во овие услови поради целата неизвесност и несигурност. Одлуката за воведување линии за психолошка помош треба да се прошири и со посебна линија за бремените жени, каде што ќе им се даваат совети како да се грижат за физичкото и ментално здравје, и ќе може да се информираат подетално за породувањете во условите на криза. Дел од установите и приватните лабаратории им го ускратуваат правото на одредени прегледи кои бараат подолг престој во просториите на лабароториите, како на пример проверка на скриен шеќер. Во Скопје се пренасочи породувањето од Државната клиника за Гинекологија кон Гинекологијата Чаир со што може сигурноста на родилките да се наруши имајќи в предвид дека досега ги водел еден доктор/ка кој/а веќе не може да се вклучи во процесот на раѓање. Владата мора да обезбеди бремените жени и родилките да имаат адекватни услови за следење на бременоста и породување. Дополнително, мерката за воведување на приоритетен влез во маркетите треба да се прошири и во здравствените установи, односно лабараториите каде што овие жени често треба да даваат материјали.

## Затворање на училишта и градинки

Со владините мерки вработените со деца до 10 години еден родител е ослободен од работа, меѓутоа родителите на децата кои нема да поднесат доказ за посетување градинка или училиште не се ослободени од работните обврски. Со ова родителите за чии деца претходно се грижеле постарите родители (баба и дедо) не се опфатени, а токму оваа популација е најзагрозена и не треба да биде во контакт со децата. Овие деца и семејства се принудени и понатаму да ги чуваат бабата и дедото, со што нивното здравје се загрозува. Затоа, препорака е

мерката да ги опфати и овие родители без барање на доказ од градинка.

Дополнително, со оваа мерка вработените лица во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана, Армијата на Република Северна Македонија, противпожарните териториjални единици, Царинската управа се изземени од ослободување. Со оглед дека овие професии во државата (освен во здравствените установи) непропоционално ги опслужуваат мажите, мерката резултира по автоматизам повеќе жени да останат дома да се грижат за децата, дури и на ниво на семејство да постои поинаква согласност и желба кој родител да продолжи со работа. Доколку кризата трае подолг временски период, ова може да доведе до нерамномерно уназадување на жените во својот проефсионален развој, што на долг рок може да донесе до губење работни места, зголемување на јазот во плати и намалување на број на жени на менаџерски позиции. Оттука, доколку кризата трае подолг временски период, мора да обрне внимание на митигација на овој ризик.

Дополнително со затварањето на училиштата и градинките се започна со образување на далечина кое се спроведува со претходна подготовка на образовните содржини од образовниот и воспитувачкиот кадар, но неговото спроведување во домашни услови останува да биде на товар на родителите, односно жените, ако земеме в предвид претходно наведеното.

## Домување

За поздравување се дел од предлозите на политичките партии за ослободување од кирија за закуп на социјални станови, и наша препорака е оваа мерка да биде побрзо прифатена. Меѓутоа, барањата за замрзнување на отплатите на рати за кредитите се уште не се прифатени со што се доведува во ризик домувањето на голем број на семејства, кои целосно ги губат своите приходи или би им се намалиле со прифаќањето на мерката за минимална плата на целиот јавен сектор. Во ваква ситуација најзагрозени се самохраните родители. Уште повеќе, загрозени се и тие кои закупуваат станбен простор од приватни сопственици, кои мора да продолжат да ги плаќаат киринте. Затоа, препорачуваме веднаш да се замрзнат отплатите на ратите за кредитите на населението, но и Владата да воведе мерка за субвенционирање на дел од кириите за закуп барем за ранливите категории на граѓани како што се самохраните родителиили обезбедување на поволно домување се до крајот на кризата за да се избегне ситуација на бездомни самохрани мајки.

**Чувар(к)и на јавно ќесе**

Контакт:

Др. Марија Ристеска risteska@crpm.org.mk 070533992

М-р. Кристијан Алексоскиaleksoski@crpm.org.mk

Овој документ е подготвен со финансиска помош на Австриската агенција за развој. Содржината на оваа анализа е единствено одговорност на ЦИКП и на ниту еден начин не го одразува ставот на Австриската агенција за развој.

Gender Budget Watchdog Network
for a gender equal region

WITH FUNDING FROM
AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION